Women's Civic Initiative

…towards common values!

**До : Средствата за јавно информирање**

**Предмет: Покана за прес - конференција**

## *16 дена активизам против родовото и семејното насилство*

Почитувани,

Задоволство ни е да Ве поканиме на прес –конференција, на која ќе ги споделиме нашите сознанија со Вас и воедно ќе го најавиме почетокот на ***Кампањата „16 дена активизам против родовото и семејното насилство". Пресот ќе се одржи на 25.11.2010 ( среда), со почеток во 11:00 часот, во НВО Инфоцентар – Скопје.***

Женската граѓанска иницијатива Антико традиционално и оваа година се приклучува кон Светската Кампања „16 дена активизам против родовото и семејното насилство " преку спроведување на Кампања со широк дијапазон на активности во 10 локални заедници во Република Македонија. Кампањата има за цел, да даде придонес кон елиминирање на насилството врз жените и семејното насилство, и во неа ќе се вклучат над 100 активистки членки на Антико и волонтери од локалните заедници.

Насилството врз жените е еден од најголемите проблеми на денешницата, и затоа за решавањето на ова антицивилизациско, ретроградно и деструктивно однесување, треба да пристапиме, енергично, темелно и одлучно. Благодарение на напорите и посветеноста на многу активисти ширум светот во изминатите 19 години – повеке од 2,800 организации од 156 земји, се вклучија во оваа кампања и влијаеја да се посвети меѓународно внимание на прашањата околу родовото насилство.

Се надеваме дека и Вие како медиум, со пројавениот интерес за Кампањата, ќе дадете свој придонес во борбата против ова општествено зло.

Со почит,
Тимот на Антико

*Годишната програма на АНТИКО е поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, која е имплементирана од страна на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа и финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија.*